Изготвил: **Николина Шајноска**

| **Недела 16, час 1**<br><br>**Бр. на час: 63 Датум:** | | | **ВТОРО ПОЛУГОДИЕ Тема 2В 8.4. Земјата и подалеку**<br>Единица: **Ден и ноќ** | | | **Одделение VIII** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Време** | **Цели на учење** | **Критериуми за успех** | **Активности** | | **Ресурси** | **Доказ за постигнатото** |
| | | | **Опис** | **Форми** | | |
| 3<br><br>5<br><br>20<br><br>10 | Опишува како движењето на Земјата создава впечаток дека привидно се движат Сонцето и ѕвездите во текот на денот и годината<br>Разбира дека Сонцето и другите ѕвезди се извори на светлина и дека планетите и другите тела се гледаат поради одбиената светлина од нив<br>Толкува податоци од секундарни извори<br>Дискутира објаснувања за резултати користејќи научно знаење и разбирање<br>Јасно ги споделува со | Можам да опишам дека само привидно изгледа дека Сонцето и ѕвездите како да кружат околу Земјата<br>Знам дека Земјата ротира околу својата замислена оска и прави еден полн круг за 24 часа<br>Знам дека Земјата ротира истовремено и околу Сонцето и тоа за време од 1 година<br>Знам дека Сонцето и другите ѕвезди се извори на светлина и дека планетите и другите тела светат поради одбиената светлина од нив | 1. Ги истакнувам критериумите за успех кои учениците ги запишуваат во тетратките<br><br>2. На табла ја пишувам следната констатација *„Додека седите мирно на вашите столчиња, вие всушност се движите со барем 1100 km/h "* и барам од учениците да се обидат да објаснат што ова значи (се изведува заклучок за движењето на Земјата околу својата оска).<br><br>3. Ги делам учениците во 3 групи. Ученик се врти во место и игра улога на Земјина топка. Друг го претставува Сонцето а останатите ѕвездите. Тој се врти прво надесно а потоа налево, но истовремено ротира околу Сонцето. Ученикот што ротира треба да опише што гледа. (се изведува заклучок за движењето на Земјата околу Сонцето и промената на ден и ноќ).<br><br>4. Преку видео или мапа на ден и ноќ објаснувам како е возможно на некои делови од Земјата постојано да биде ден, односно ноќ. | Ц<br><br>Ц<br><br>Г = 3<br>Техника – Играње улоги<br><br>Ц | <br><br><br>Две топки со различна големина (фудбал и пинг-понг)<br><br>Интернет | Активност при дискусија<br><br>Чек листа за оценување на индивидуалец од во групата<br><br>изработка на |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2 | другите. | | 5. Задавам домашна работа | И | | домашна работа |

| **Организација: Детали за диференцијација/ групи/ улога на возрасен (поврзано со активностите)** | **Забелешки / можности за проширување/ домашна работа** | **Клучна терминологија** |
|---|---|---|
| Секој член од групата треба да биде вклучен во активноста. Членовите меѓу себе се договараат и ги следат инструкциите за работа од наставникот. Групата самостојно истражува и изведува заклучоци. Наставникот само надгледува и по потреба насочува. По однос на изнесените заклучоци од групата наставникот надополнува и воведува поими. | Домашна работа: Да истражат во кои места на Земјата подолг временски период да биде само ден, или само ноќ? Колкав е најдолгиот таков период? Дали живеат и работат луѓе на тие места? | земја<br>сонце<br>месечина<br>ротација<br>орбита<br>сенки<br>набљудува<br>објаснува |